**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Одлуката на Одборот на директори на Друштвото (арх. бр. 55485/1 од 04.03.2014 година), Собранието на Друштвото на својата годишна седница одржана на ден 27.03.2014 година ја донесе следната:

# Предлог Одлука

**за усвојување на ревидираните Консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2013 година во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување**

## Член 1

Собранието на Друштвото ги усвојува ревидираните Консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2013 година во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, заедно со ревизорското мислење, кои се дадени во прилог како составен дел на оваа одлука.

## Член 2

Секторот за Сметководство и даноци и Секторот за Корпоративни финансии треба да го организираат доставувањето на ревидираните Консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2013 година во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, заедно со ревизорското мислење, до надлежните државни институции, а во согласност со законските прописи.

## Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**